ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: 04-628/
20.01.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 112/20, 215/21 и 99/22), Директорот на Фондот за здравствено осигурување донесе

## О Д Л У К А
**за избор на кандидат по Интерен оглас 01/2022 за унапредување на административен службеник во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **АЛБЕРТ БАЛИУ**, по пат на интерен оглас број 01/2022 се избира за работно место, **Советник на директорот - 1 (еден) извршител, со шифра ФЗО 01 02 Б01 002.**

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани РАКОВОДНИ КАНДИДАТИ и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 составен дел на З А П И С Н И К од извршената селекција за унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК заради спроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022, со број 04-628/2 од 17.01.2023 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување со број 18-12966/2 од 20.12.2022 година, од страна на Министерството за финансии за одобрени финансиски средства, Директорот на ФЗОРСМ до Сектор за управување со човечки ресурси упати Барање со број 04-19048/1 од 16.12.2022 година за отпочнување на постапка за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Одделението за управување со човечки ресурси објави Интерен оглас број 01/2022 за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, објавен на ден 26.12.2022 година на веб страната на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Директорот на Фондот, со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување со број 04-119/1 од 04.01.2023 година, спроведе административна селекција и потоа се одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

На работното место Советник на директорот - 1 (еден) извршител, со шифра ФЗО 01 02 Б01 002, беа пријавени двајца уредни кандидати кои ги исполнуваат бараните услови и тоа: Алберт Балиу со освоени 13,55 бодови од административната селекција и Жаклина Крстевска со освоени 5,00 бодови од административна селекција со што, врз основа на освоените бодови од административна селекција, Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 01/2022 за унапредување на административните службеници со број 04-628/1 од 11.01.2023 година.

На ден 17.01.2023 од 13.15 часот, од страна на Директорот на ФЗОРСМ се спроведе интервју со кандидатите кои аплицирале на раководни работни позиции со што се изготви и Записник од извршената селекција за унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК, со број 04-628/2 од 17.01.2023 година. На работното место Советник на директорот - 1 (еден) извршител, со шифра ФЗО 01 02 Б01 002, кандидатот Алберт Балиу освои 25,00 бодови од интервјуто, додека Жаклина Крстевска освои 23,00 бодови од интјервјуто.

Врз основа на Финалната ранг листата и предлог одлуката која е составен дел од Записник од извршената селекција за унапредување на РАКОВОДЕН АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК, со број 04-628/2 од 17.01.2023 година, Директорот во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе Одлука да се изврши избор на прворангираниот кандидат Алберт Балиу со вкупно 38,55 освоени бодови,

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот кандидат.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДИРЕКТОР**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR,**
**Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA**

Изготвил: Kushtrim Halili
Радица Димовска
Конгтролирал: Сузана Делева
Согласен: Fatime Idrizi

Доставено до: Административните службеници; Архива